# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 4 26 април 2019 година, петок

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на потреба од донесувањето на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и ќе се изврши вклопување на бесправен објект...........................................2
2. **Одлука** за утврдување на потреба од донесувањето на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и ќе се изврши вклопување на бесправен објект...................2
3. **Решение** за објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправен објект........................................................2
4. **Одлука** за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправен објект..............................3
5. **Решение** за објавување на Одлука за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамки на проектот „Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина“......................................3
6. **Одлука** за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамки на проектот „Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина“..............................4
7. **Решение** за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово.....................................................4
8. **Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово.......................4

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и ќе се изврши вклопување на бесправен објект**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и ќе се изврши вклопување на бесправен објект, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 25.04.2019 година.

Бр.09-443/2 Градоначалник
26.04.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.Весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска докуметација („Сл.Весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12 и 95/13), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 7, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 25.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и ќе се изврши вклопување на бесправен објект**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Валандово ја утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и ќе се изврши вклопување на бесправни објекти во истата урбанистичко-планска документација.

**Член 2**

Потребата од проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во урбанистичко-планска документација се утврдува за бесправните објекти:

-Трафостаница „Плантажа Чапарица“, која е изградена на КП 3113/2 КО Валандово Вон ГР;

-Трафостаница „Плантажа Пирава“, која е изградена на КП 72 и КП 78 КО Пирава Вон ГР;

-Трафостаница „Плантажа Погана“, која е изградена на КП 1718 КО Грчиште;

-Трафостаница „Плантажа Раброво“, која е изградена на КП 891 КО Раброво.

**Член 3**

Постапката за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во истата, да започне по спроведувањето на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, врз основа на поднесено барање од сопственикот на бесправно изградениот објект.

**Член 4**

Финансиските трошоци за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во истата, ќе паднат на товар на сопственикот на бесправно изградениот објект, како барател за донесување урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-55/2 Совет на Општина Валандово
25.04.2019 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член став 3, во врска со

член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправен објект**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправен објект, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 25.04.2019 година.

Бр.09-443/3 Градоначалник
26.04.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 12, став 1, алинеја 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.Весник на РМ" бр.. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска докуметација („Сл.Весник на РМ" бр. 56/11, 162/12 и 95/13), ), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), член 21 став 1 точка 7, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 25.04.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправен објект**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Валандово ја утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправен објект во истата урбанистичко-планска документација.

**Член 2**

Потребата од вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација се утврдува за бесправниот објект:

- Трафостаница „Винарска Визба", која е изградена на КП 2099 КО Валандово,

**Член 3**

Постапката за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши вклопување на бесправниот објект во истата, да започне по спроведување на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, врз основа на поднесено барање од сопственикот на бесправно изградениот објект.

**Член 4**

Финансиските трошоци за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправниот објект во истата, ќе паднат на товар на сопственикот на бесправно изградениот објект, како барател за донесување урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправниот објект.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-55/3 Совет на Општина Валандово
25.04.2019год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамки на проектот „Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина"**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамки на проектот „Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина", што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 25.04.2019 година.

Бр.09-443/4 Градоначалник
26.04.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на Член 26 став 1 алинеја 10 од Законот за рамномерен регионален развој „Службен весник на РМ“ бр. 63/2007, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), член 14 став 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 12 став 2, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, а согласно Грантовата шема овозможена во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – I фаза“, Советот на општина Валандово на дaвесет и втората редовна седница, одржана на ден 25.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамки на проектот „Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина“**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќаат сите обврски за имплементирање на проектот „Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина“, поддржан преку Грантовата шема во рамките на зададените рокови.

**Член 2**

Водечки партнер на проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а проектни партнери се сите 10 општини од Југоисточниот плански регион.

**Член 3**

Општина Валандово се обврзува дека за потребите на проектот ќе обезбеди:

- Компјутер каде ќе биде инсталиран софтвер за функционирање на Агрометеоролошките станици;
- За периодот за времетраењето на проектот ќе обезбеди соодветна просторија за одржување на информативни и советодавни настани за земјоделците и сите заинтересирани страни,
- Почнувајќи од јануари 2020 година ќе обезбедува финансиски средства за одржување на поставените Агрометеоролошки станици, за што секоја општина ќе потпише договор со избран оператор.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-55/4 Совет на Општина Валандово
25.04.2019год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 25.04.2019 година.

Бр.09-443/5 Градоначалник
26.04.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Слчжбен весник на РМ“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16 и 71/16), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 25.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово, за време на Велигденските празници (26, 27 и 28. 04.2019 година), ГО ПРОДОЛЖУВА работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, за два часа.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-55/5 Совет на Општина Валандово
25.04.2019год. Претседател
Валандово Владимир Марков